**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ**
**ПО ЈАВНИ НАБАВКИ**
Бр.04-351/11
05.09.2019 год.
С к о п ј е

Врз основа на член 52 став (1) и став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) Генералниот секретар на Државната комисија за жалби по јавни набавки, донесе

## ОДЛУКА

### за избор на кандидат по Интерен оглас број 1/2019 за унапредување на административен службеник во Државната комисија за жалби по јавни набавки

1. Административниот службеник Христина Ивановска-Тасевска, Раководител на Одделение за финансиски прашања и управување со човечки ресурси во Секторот за логистика,финансиски прашања,информатички системи и човечки ресурси се унапредува во Помошник раководител на сектор, во Секторот за логистика,финансиски прашања,информатички системи и човечки ресурси.

2. Одлуката за избор на кандидат за унапредување на административен службеник да се достави до кандидатот за унапредување и да се објави на веб - страната на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

3. Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум (8) дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со интерен оглас број 1/2019 за пополнување на работно место со унапредување на административен службеник, бр. 04-351/2 од 19.08.2019 година беше огласена потребата од унапредување на еден (1) административен службеник за работно место УП0101Б03000 Помошник раководител на сектор, во Секторот за логистика, финансиски прашања, информатички системи и човечки ресурси, од редот на вработените во Државната комисија за жалби по